# THE IMPORTANCE OF THE PRESENTATION OF ARCHAEOLOGICAL HERITAGE IN MODERN SOCIETIES – COMPARATIVE CASE-STUDIES FROM CROATIA AND MACEDONIA

**Stojance Micev**
**Simona Goceva**

**Publisher info:**

**Title:**
Review of the Institute of History and Archaeology RIHA
**web address:**
http://js.ugd.edu.mk/index.php/RIHA

**ISSN: 2671-3144**
**eISSN: 2671-3152**

**First Published: 2010**

**Subject:**
history, archaeology, anthropology
history of art, ethnology,
other humanities

**Publisher:**
Institute of History and Archaeology
FON, Goce Delcev University

**Editor in Chief:**
Ljuben Tevdovski
Goce Delcev University, Macedonia
ljuben.tevdovski@ugd.edu.mk

**Editorial Board:**
Todor Chepreganov
Goce Delcev University, Macedonia
Nevena Trajkov
Florida International University, USA
Trajce Nacev
Goce Delcev University, Macedonia
Jaromir Benes
Univer.of South Bohemia, Czech Republic
Stojko Stojkov
Goce Delcev University, Macedonia
Aleksandar Bulatovic
Institute of Archaeology, Serbia
Verica Josimovska
Goce Delcev University, Macedonia
Svetla Petrova
Bulgarian Academy of Sciences, Bulgaria
Oliver Cackov
Goce Delcev University, Macedonia
Martin Husar
Constantine the Philosopher University, Slovakia

## Abstract

In this paper, we examine the importance of the archaeological heritage, the benefits from the investment in its sustainable management and presentation for the societies in small Balkan states. The comparative analysis of the archaeological practice, based on the case studies, and the wider analyses on the development of Croatian and Macedonian archaeology are partially based on our own experiences and conducted research in the two countries in a period of two years. The aim of this paper is to present ideas for the development of new practices in the two societies, initiate reevaluation of their approaches, policies and accomplishments from a comparative perspective and trigger a wider debate on investment in presentation of archaeological heritage in the professional and wider public.

## Keywords:

Macedonian archaeology, Croatian archaeology, presentation of archaeology, new technology.

## Theme/s:

Archaeological Theory, Public Archaeology.

**Стојанче Мицев**

**Симона Гоцева**

## ВАЖНОСТА И ВЛИЈАНИЕТО НА ПРЕЗЕНТАЦИЈАТА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО ВО МОДЕРНОТО ОПШТЕСТВО: КОМПАРАТИВНА СТУДИИ НА СЛУЧАЈ ОД ХРВАТСКА И ВО МАКЕДОНИЈА

Дефиницијата за терминот „презентација на културното наследство" е усвоена официјално во 2008 година за време на 16-то Генерално собрание на ИКОМОС во Квебек (Канада).[1] Во оваа прилика, како дефиниција е прифатена тезата дека „презентација" означува внимателно испланирана комуникација со толкувачка содржина преку уредување на толкувачки информации, физички пристап и толкувачка инфраструктура на локалитетот на културното наследство. Дефиницијата наведува неколку начини на презентација, нагласувајќи ја можноста за нивна истовремена примена. Првата верзија за точно дефинирање на овој термин е создадена во 2002 година при подготовката на првичната верзија на овој документ, но дефиницијата наидува на критики и предметот на презентацијата на наследството е целосно отстранет од документот.[2]

Вака усвоената дефиниција од 2008 година е актуелна до денес, но сепак би било добро таа да се прошири. Презентацијата е директно поврзана со толкувањето. Затоа, не е можно да се занемари овој важен аспект поврзан со неопходноста од обезбедување интелектуален контакт на човекот со неговото наследство од минатото. Таквиот контакт може да го олесни општественото разбирање за потребите на заштита на ова наследство. Еден од најголемите предизвици во археолошката пракса при презентацијата на културното наследство покрај толкувањето, е самиот начин на презентација, кој би требало директно да зависи од степенот на развој на едно

[1] http://icip.icomos.org/downloads/ICOMOS_Interpretation_Charter_ENG_04_10_08.pdf.
[2] http://www.enamecharter.org/downloads.html

општество. Ова значи дека за успешно да се претстави одредено културно наследство, и тоа да биде прифатено од пошироките општествени маси, мора најпрво да се направат одредени истражувања. Истражувањата би требало да бидат насочени кон степенот на развој на општеството и развиеноста на колективната свест. Со проучувањето на овие два сегмента би можеле да добиеме широка слика за потребите и барањата на општеството, и според тие барања да ги креираме толкувањето и начинот на презентација, држејќи се до непристрасноста и научната независност. Ваквиот пристап кон оваа проблематика овозможува доближување на културното наследство до обичниот човек, разбирање на неговото значење, а исто така го олеснува социјалното разбирање за потребите на заштита на ваквиот вид наследство. Новите методите и техниките, како и следењето на развојот и модернизирањето на технологијата исто така би требало секогаш да се имаат во предвид. Со примената на модерните технологии за презентација, се зголемува нивото на интерес за археологијата во општеството, а со тоа неминовно доаѓа до раст на влијанието на презентација на културното наследство и раст на културниот развој во општеството.

## Компаративна анализа на некои пракси на презентација на археологијата и археолошкото наследство во Хрватска и во Македонија

Хрватска и Македонија се посткомунистички земји и земји во развој. Од 2013 година Хрватска е полноправна членка на Европската Унија, додека Македонија сеуште го нема добиено своето членство, но сепак влезот во Европската Унија е воспоставен основен приоритет на државно ниво. По распадот на СФРЈ и двете држави воспоставуваат свои нови пракси во археологијата со чија помош се обидуваат да ги унапредуваат своите културни процеси. И двете земји имаат богато археолошко културно наследство, но сепак имаат различни стратегии и различен степен на развиеност како на целокупната археологија, така и на процесот на презентација на археолошкото и поширокото културно наследство. Степенот на развој на археолошките пракси при презентација на археолошкото културно наследство директно зависи од повеќе фактори: културната политика, меѓународна соработка, развојот на туризмот, развојот на образованието, можностите за финансирање, културната развиеност во државите и друго. Во овој дел ќе се обидеме да направиме компаративна анализа на археолошките пракси при презентацијата на археолошкото

културно наследство, преку неколку конкретни примери, анализирајки ги при тоа предностите, слабостите и можностите на двете земји.

**Хрватска**, во споредба со Македонија има доста поразвиена пракса и искуство во презентацијата на културното наследство. Брзиот развој на туризмот, добрата стратегија, образованието, константната меѓународна соработка, и пристапот до европските фондови значително имаат придонесено во целокупниот развој на археологијата. Бидејќи еден од главните столбови на економијата на Хрватска е туризмот, Хрватска, освен во инфраструктурни проекти, има вложено значителни средства и создава капацитети и во развојот и презентацијата на културниот туризам. Користејки ги европските фондови во последните неколку години реализирани се повеќе проекти, во областа на презентацијата и промоцијата на археолошкото културно наследство, особено во приморскиот регион.

Еден од позначајните проекти е проектот ,,Археолошкиот парк Вижула'' во градот Медулин. Археолошкиот локалитет претставува комплекс на римски вили – рустики, и има хронолошка рамка од неолитот до раниот среден век. *,, Откриени се остатоци од неолитска населба, но сепак, најзначајна е римската вила, која систематски се истражува повеќе години, а датира од 1 - 2 век. Три фази на изградба биле воспоставени до 6 век, а вилата се издигала на тераса од брегот, додека нејзиниот долен дел сега е под морето, каде може да се видат остатоците од пристаништето. Украсена е со мозаици, а исто така во нејзина близина пронајден е голем број на движен археолоши материјал.''*[3] ,,Главна цел на овој проектот е да им понуди на посетителите оригинален допир и задоволство во оживеаниот дух на античко време во мирна природна средина заснована на тематски поврзани целини и да придонесе за одржлив социјален и економски развој на градот Медулин како препознатлива дестинација на културниот и историски туризам.''[4]

[3] Obranič.S i A. Žigant, 2013, Zataj(e)na Istra – Imena naselja i rudina u hrvatskoj Istri – inventar za povijesno sječanje. – Korenika. – Pula.
[4] http://m.medulinriviera.info/sl/guide-medulin/villa-vizula/



Слика 1. Презентација на археолошкото културно наследство преку користење на 3D визуелни очила, Вижула, 2019, http://m.medulinriviera.info/sl/guide-medulin/villa-vizula/

Проектот, официјално започна во септември 2017 година и заврши во 2019 година. Овој план за реставрација, презентација и промоција, како и правилно валоризирање на овој археолошкиот локалитет придонесе кон зголемување на бројот на домашни и странски посетители, нудејќи им културна туристичка и едукативна содржина. Исто така придонесе за создавање нови работни места и привлече мали и средни претпријатија преку развој на систем за управување и инвестирање во инфраструктурата и придружните содржини на Археолошкиот парк Вижула. Проектот вклучува инвестиции во заштита, реставрација, ревитализација и толкување на копнени и подводни археолошки локалитети, уредување и опремување на шеталиштето, како и развој на културни и туристички содржини за посетителите, засновани врз културното наследство. Покрај тоа, има и образовна цел, а исто така придонесува за одржливо управување и презентација на културното наследство, како и брендирање, маркетинг и промоција на археолошкиот парк Вижула, како културна туристичка дестинација. За постигнување на оваа цел користени се нови и развиени методи како на пример: прецизни мерења со тотална станица, 3Д реконструкции, дигитално мапирање, и скенирање со помош на дрон. Како главен адут во привлекувањето на посетители и детална презентација на археолошкото културно наследство на овој локалитет се користат 3Д реконструкциите на сите објекти, како и дигиталните очила кој може да ги изнајми секој турист, и преку нив на виртуелен начин да се врати во минатото. За целите на овој проект исто така е снимен и документарен филм ,,Тајните на Вижула'', кој што е веќе емитуван на хрватската национална телевизија. Во Хрватска се реализирани повеќе вакви и слични проекти кој даваат едно ново светло и голем придонес во презентацијата на културното наследство.[5]

Иако **Македонија** исто така има особено големи капацитети за развој на археолошкиот туризам, ваквите пракси на презентација на археолошкото културно наследство се на пониско ниво. Дефицитот на стручен и соодветно ангажиран кадар,

[5] https://tvprofil.com/film/9686644/tajna-vizule

честата промена на политиките во културата и недоволното инвестирање во археолошкиот и културниот туризам воопшто претставуваат сериозна пречка за усовршувањето на археолошките пракси за презентација на културното наследство. Но сепак, во последните години ваквиот развој на настаните се менува, и Македонија значително напредува на ова поле. Зголемениот фокус на државата кон археолошките ископувања во изминатата декада, пристапот кон европските фондови, како и зголеменото ниво на меѓународна соработка придонесуваат за целокупен напредок во археологијата на овие простори.



*Слика 2. Панорамски поглед на Заливот на коските - охрид, Музеј на вода, https://www.discoveringmacedonia.com/2018/bay-of-bones-museum-ohrid/*

Во последните години во Македонија реализирани се повеќе значајни проекти во оваа област. Како еден од најпознатите археолошки локалитети, и локалитет кој се издвојува преку инвестирањето во презентација и промоција во последните неколку години, е праисториска наколна населба во Заливот на Коските кај Градиште на Охридското Езеро. „ *Подводните археолошки истражувања на локалитетот "Плоча Миќов Град" во Заливот на Коските, во водите на Охридското Езеро, покрај јужното крајбрежје на полуостровот Градиште, се реализираа во кампањи секоја година од 1997-та, до 2005 година, а во 2007-2008 година беше изведена реконструкција на дел од населбата со што се презентира атрактивен археолошки локалитет на атрактивен простор од езерото.*''[6] Со овие истражувачки активности за првпат во Македонија се официјализира подводната археологија како гранка на археологијата која се занимава со остатоци, заштита и презентација на подводното културно наследство, кое поради разни околности во минатото и денес останало под водените површини на македонските езера. „ *На локалитетот Плоча Миќов Град откриена е праисториска палафитна (наколна) населба со временска припадност на доцното бронзено и раното железно време, а во текот на досегашните истражувања беа евидентирани 6000 остатоци од дрвени колци во водите на дното од езерото, на длабочина од 3 до 5 метри кои потпирале најверојатно заедничка дрвена платформа на која функционирале дваесеттина праисториски станбени објекти, изградени исто така, од дрво. Притоа се собрани*

[6] https://core.ac.uk/display/286781326?source=3

*многубројни движни наоди од периодот на бронзеното и железното време.*''[7] Локалитетот Плоча Миќов Град во Заливот на Коските денес е атрактивен музејски комплекс кој има повеќе содржини: реконструирана палафитна населба над водите од езерото, римски каструм кој е конзервиран, реставриран и презентиран на највисокото плато од ридот "Градиште", пристапен објект со музејски витрини и објект за реализација на подводен туризам, 24 реконструирани праисториски куќи на дрвена платформа над езерската вода, повеќе реконструирани полуотворени градби, и други содржини кои го збогатуваат вкупниот амбиент на водите и брегот на Охридското Езеро. Ваквиот начин на презентација несомнено придонесе за развој на археолошкиот туризам и запознавањето на посетителите со културното наследство на Македонија. Во последните 5 години Заливот на коските стана најпосетуваниот и најпознатиот археолошки локалитет во Македонија, но сепак за целокупна и модерна презентација на овој локалитет, недостасува праксата на користење на новите технологии. Овој локалитет би бил уште поатрактивен и би привлекувал уште повеќе посетители доколку во процесот на презентација се внесат на пример 3Д визуелизација, визуелни очила, и други алатки кој ќе помогнат во зголемувањето на заинтересираноста кај посетителите за овој локалитет. Развојот на праксата за презентација на археологијата во Македонија се гледа и преку централното место во главниот град на новоизградениот Археолошки музеј, активностите на локалитетот Стоби, како и проектот за виртуелизација на Музеите, кој се спроведува во повеќе музеи во Македонија. Исто така од големо значење е дронското снимање и скенирање на археолошките локалитети и нивната 3Д визуелизација, која сеуште трае. Ваквите и слични проекти несомнено се од голема важност, и имаат големо влијание во презентацијата на археолошлото културно наследство во современото општество, па затоа ваквата пракса треба да продолжи да се развива уште подобро и уште побргу.

**Заклучок**

Презентацијата на археолошкото културно наследство во модерното општесво е од големо важност за континуиран и брз културен развој. Следењето на светските пракси како и иновативноста и меѓународната соработката несеомнено ќе придонесат кон уште поголемо влијание во развојот и познавањето на археологијата, како и за целокупниот културениот развој на општеството.

[7]http://muzejohrid.mk/praistoriska-nakolna-naselba-vo-zaliv-na-koskite

Анализирајќи ги археолошките пракси за презентација на археолошкото културно наследство во Хрватска и Македонија, преку овие конкретни примери, можеме да заклучиме дека иако постојат разлики во практикувањето на презентацијата, сепак и во двете земји во последните години е забележан значителен напредок на ова поле. Сепак, и во Хрватска и во Македонија се забележани одрени недостатоци. Анализирајќи ги праксите на поразвиените земји во Европа, кои се географски блиски до Балканскиот регион, како на пример Италија, Словенија, Австрија и други, можеме да заклучиме дека и Хрватска и Македонија сериозно заостануваат во развојот на недеструктивното археолошко истражување со помош на гео-физички и ласерски методи. На пример, во Словенија, Германија, Италија и други земји на Европската Унија, значителен напредок во истражувањето и презентацијата даде системот LIDAR, а исто така и гео-физичките истражувања. Со помош на ваков вид на истражување, Италјианските археолози, на пример, во близина на градот Фалерии Нови, на педесетина километри од Рим, открија и презентираа цел антички римски град, користејќи само гео-радар.

Ваквите иновации во технолошкиот развој, искуствата споделени преку меѓународната соработка, како и поддршка од светските научни институции и културно - научни организации, несомнено ќе придонесат кон приближување на археологијата кон секој поединец, и со сигурност ќе влијаат на подигнувањето на свеста и одговорноста кон заштитата на културното наследство во секое општество. Во исто време, промоцијата и презејтацијата на културното наследство може да стане еден од највиталните елементи, како во туризмот, така и во поширокиот економски развој на малите земји, како Хрватска и Македонија.

**Литература**


1. **Grenville, Jane, ed (1999):** ***Managing the Historic Rural Landscapes*****, London.**

2. **PICKARD, Robert (2005), European Cultural Heritage - A review of policies and practices vol. II, 3. poglavje: The archaeological heritage, str. 49 - 60, http://128.121.10.98/coe/pdfopener?smd=1&md=1&did=566207**

3. **GRIMA, Reuben (2016), But Isn't All Archaeology 'Public' Archaeology?, Public Archaeology, 15 (1), , str. 50-58,**

4. **KAJDA, Kornelia, et al. (2017), Archaeology, heritage and social value: Public perspective on European Archaeology. European Journal of Archaeology, str. 1–22. https://www.cambridge.org/core/services/aop-cambridge-core/content/view/2BCF320928BF478120CDA6A9B58249B0/S1461957117000195a.pdf/archaeology_heritage_and_social_value_public_perspectives_on_european_archaeology.pdf.**

5. **Obranič.S i A. Žigant, 2013, Zataj(e)na Istra – Imena naselja i rudina u hrvatskoj Istri – inventar za povijesno sječanje. – Korenika. – Pula.**

6. **http://icip.icomos.org/downloads/ICOMOS_Interpretation_Charter_ENG_04_10_08.pdf.**

7. **http://www.enamecharter.org/downloads.html**

8. **http://m.medulinriviera.info/sl/guide-medulin/villa-vizula/**

9. **https://tvprofil.com/film/9686644/tajna-vizule**

10. **https://core.ac.uk/display/286781326?source=3**

11. **http://muzejohrid.mk/praistoriska-nakolna-naselba-vo-zaliv-na-koskite**

12. **https://www.discoveringmacedonia.com/2018/bay-of-bones-museum-ohrid/**